

# ПРЕДИЗВИКУВАЈЌИ ГИ НОРМИТЕ

## – ПРИКАЗНИ ОД СВЕТОТ ЗА ЕКОНОМСКОТО ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ЖЕНИТЕ

**Фотографија:** *Џулиен Муненгер*

KVINNA KVINNA

# Содржина


**ПРЕДГОВОР** 3

**ВОВЕД** 5

НАДМИНУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА НЕЕДНАКВОСТ 5

ЗА ПУБЛИКАЦИЈАТА 6

ПЕТ НАСОКИ КОН ОМОЌУВАЊЕ 6

НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ 7

**„СЕГА РАЗБИРАМ КОЛКУ Е ЗНАЧАЈНО БУЏЕТИРАЊЕТО“** – ПОЛЈОДЕЛКИТЕ И РОДОВО ОДГОВОРНОТО БУЏЕТИРАЊЕ ВО РУАНДА 8

**„ЗАСТАПУВАЊЕ, ЗАСТАПУВАЊЕ, ЗАСТАПУВАЊЕ“** – ПРИСТАП ДО ГРИЖА ЗА ДЕЦА ЗАРАДИ ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКОТО УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ ВО ЈОРДАН 12

**РОДОВО БАЗИРАНА ДИСКРИМИНАЦИЈА НА РАБОТНИЦИТЕ** – ЗАСТАПУВАЊЕ ВО ЗАПАДЕН БАЛКАН ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА 15

**ИЗВЕСТУВАЊЕ ОД ПРВИТЕ РЕДОВИ** – ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА ВО НОВИНАРСТВОТО И МЕДИУМИТЕ ВО СИРИЈА И ПОШИРОКО 18

**БИЗНИСМЕНКИТЕ ИМ ПРКОСАТ НА ОЧЕКУВАЊАТА** – ОДРЖЛИВО СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО ЈУЖЕН КАВКАЗ 21

**ПРЕПОРАКИ** 26



АВТОРКИ: Лана Анабтави (Јордан), Јасмин Масри (Сирија), Џастин Мбабази (Руанда), Конул Самадова (Јужен Кавказ), Софија Врбаски (Западен Балкан)
РАКОВОДИТЕЛ НА ПРОЕКТОТ: Моника Ервер
РЕФЕРЕНТНА ГРУПА: Елизабет Доло, Хадел Хазим, Алин Нивеншути, Јоана Аркосен и Ева Зилен
УРЕДНИЦИ: Ева Коријн, Моника Ервер, Шарлот Прут
ДИЗАЈН: Линда Фредриксон
Фондација „Квинна тилл Квинна“ („Kvinna till Kvinna“) 2021



ОГРАДУВАЊЕ ОД ОДГОВОРНОСТ: Оваа публикација е финансирана од Шведска. Изнесените ставови, мислења и факти се одговорност исклучиво на авторките и не ги одразуваат нужно ставовите и мислењата на Шведска.


**Со оваа публикација сакаме да ја истакнеме импресивната работа на организациите за женски права и феминистичките мрежи во насока на зголемување на економската родова еднаквост и на економското омоќување на жените во подрачја зафатени со конфликт.**

**Многу од човековите права што им се ускратени на жените се економски права. Тие опфаќаат право на труд, на дом, на земјиште и имотни права, право на наследство, право да регистрираат компанија, да отворат банкарска сметка и да конкурираат за кредит под истите услови како и мажите. Според Светска банка, глобално жените уживаат само 75 % од економските права кои ги уживаат мажите. Во некои делови од светот, оваа бројка е и до 50 %.**

**Сè додека постои ваква нееднаквост, жените нема да бидат слободни целосно да учествуваат во општеството и да носат одлуки за сопствениот живот.**

Во земји со слаби институции, за време на конфликт и по конфликт, исклученоста на жените од економијата често пати е поголема и жените што немаат финансиски средства се поранливи. Кога на тоа ќе се додаде и високото ниво на насилство, жените и девојките се во поголем ризик од експлоатација, родово засновано насилство (вклучително и силување и други форми на сексуално насилство), економско насилство и трговија со луѓе.

Како што стои во овогодинешниот извештај на Генералниот секретар на ОН за жени, мир и безбедност, „поддршката од меѓународната заедница за жените се фокусира на микропретпријатија и микрокредити, додека во опсежната реконструкција по конфликт доминираат мажите и таа е убедливо во корист на мажите“.[1]

Со текот на годините женското движење заедно постигна, преку обиди и грешки, безброј успеси. Неговите знаења и искуства треба да се споделат со светските и регионалните институции и треба да се вметнат во политиките и мерките на владите. Мора да се премости јазот меѓу носителите на одлуки и оние кои работат на терен и знаат што е потребно и кога. Од суштинско значење е да се подобри дијалогот, особено поради тоа што организациите за женски права во многу делови од светот работат во сè посурови услови.

Во „Квинна тилл Квинна“ соработуваме со исклучителни, храбри и визионерски настроени фембранителки. Благодарни сме што ги споделија со нас своите приказни и поуки. Сега ние ги споделуваме со вас преку оваа публикација.

***Фотографија:** Виктор Гардсатер*





**Петра Тотерман-Андорф**
*Генерална секретарка, Фондација „Квинна тилл Квинна“*

[1] ОН: Жени, мир и безбедност. Извештај на генералниот секретар, 2020. <https://undocs.org/pdf?symbol=en/S/2020/946>.



Фотографија: Волобах Сали

Тупи Нагбо е претседателка на заедницата Фанти Таун во Либерија. Самохрана мајка (вдовица) со 7 деца. Според неа, шест од нејзините деца се надвор од образовниот систем, додека само едно оди на училиште. Тупи е бизнисменка во рибната индустрија повеќе од 25 години, но поради КОВИД-19 остана без работа.

# ВОВЕД

**Фондацијата „Квинна тилл Квинна“ е една од водечките организации за женски права која дејствува во области зафатени од конфликт. „Квинна тилл Квинна“ обезбедува финансиска и стратешка поддршка на повеќе од 150 партнерски организации во 20 земји со цел јакнење на влијанието и на моќта на жените. Во текот на речиси тридецениската блиска соработка со локалните женски движења во конфликтни региони го увидовме степенот до кој економската родова нееднаквост ги попречува жените. Во оваа публикација илустрираме како организациите за женски права во светот дејствуваат за да ги омоќат жените економски. Следните поглавја содржат пет приказни кои ќе ве запознаат со работата на некои од партнерските организации на „Квинна тилл Квинна“. Во продолжение ќе откриете како фембранителките ѝ се спротивставуваат на состојбата статус кво.**

Безброј жени во светот имаат нееднаков пристап до пазарот на трудот, ограничени економски права и малку контрола врз ресурсите. Пристапот до формалниот пазар на труд е тежок: традиционалните норми кои преовладуваат креираат поделба исклучиво на машки и женски занимања. Мажите главно се оние кои заработуваат за живот, додека жените водат грижа за децата и за повозрасните членови на семејството. Родово заснованото насилство, вклучително и сексуалното насилство, дополнително им ги ускратува економските можности на жените. Во постконфликтните области или во областите зафатени од конфликт – каде што општеството е кревко, а институциите слаби – жените без финансиски средства се уште поранливи.

Заради справување со овој проблем, економското омоќување на жените е од суштинско значење. Поседувањето сопствен приход ги зголемува независноста, самодовербата и моќта за донесување одлуки и во домаќинството и во пошироката заедница. Воедно со тоа понатаму се зголемуваат можностите и способноста да се учествува во општеството, вклучително и во мировните преговори. Сопствените финансиски средства, исто така, овозможуваат полесно напуштање на насилната околина. Затоа економското омоќување на жените е клучно за сузбивање на родово заснованото насилство и за постигнување траен мир, значајно учество во процесите на донесување одлуки и одржлив развој. Овие испреплетени прашања се неизбежно меѓусебно поврзани.

Со оглед дека пандемијата на ковид-19 ја продлабочи економската родова нееднаквост во последниве месеци, веруваме дека оваа публикација е порелевантна од кога и да е претходно.

## НАДМИНУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКАТА НЕЕДНАКВОСТ

За да се постигне економска родова еднаквост, потребно е да се преземат мерки на различни нивоа. Потребно е да ги зголемиме економските можности за жените (пристап до ресурси и приход), да ги зајакнеме институциите (закони и политики) и да ги зголемиме моќта на основните потреби на жените, туку и осврнување на длабоко вкоренетите структури, нееднаквости и социјални односи – двата типа на блиску поврзани промени.

Во пракса, напорите може да опфатат зголемување на моќта на одлучување на жените и распределба на средствата во домаќинството;

и дејствувањето на жените (норми и родови борба против родово заснованото насилство; улоги). За тоа не е потребно само задоволување

### ФАКТИ

Светскиот родов јаз е 68,6 %, што ги опфаќа вкупните статистички податоци за економското учество и можности, здравствениот исход, постигнувањата во образованието и политичкото омоќување.
(Светска банка, 2021, Жени, бизнис и право, стр.6)

На светско ниво, само 49 % од жените учествуваат во работната сила.
(https://www.ilo.org/infostories/en-GB/Stories/Employ-ment/barriers-women#global-gap)

Во земјите во развој, 92 % од работничките се дел од неформалниот пазар на труд.
(Меѓународна организација на трудот, Жени и мажи во неформалната економија, 2019 – статистички приказ, стр. 5.)

На светско ниво, помалку од 15 % од жените поседуваат земја.

(Кампања за правата на жените на земјиште - бори се за нејзината земја [stand4herland.org])

Се проценува дека вкупниот број луѓе што живеат во сиромаштија би можел да се **зголеми** меѓу 200 милиони и 500 милиони во 2020 г.

(Оксфам, 2021, Вирусот на нееднаквост: обединување на работата распарчена од вирусот корона преку праведна, правична и одржлива економија, стр. 11.)

на основните потреби на жените, туку и осврнување на длабоко вкоренетите структури, нееднаквости и социјални односи – двата типа на блиску поврзани промени.

Во пракса, напорите може да опфатат зголемување на моќта на одлучување на жените и распределба на средствата во домаќинството; борба против родово заснованото насилство; унапредување на образованието и на развојот на вештини кај девојките; поттикнување на учеството на жените во политиката; промовирање на родово буџетирање; и унапредување на родово чувствителни макроекономски институции. Ќе треба да му се даде приоритет и на неформалниот сектор: поголемиот дел од трудот во овој сектор паѓа на жените, но секторот се карактеризира со стравичен недостиг од социјална заштита и регулација.

Во изминативе месеци ковид-19 имаше ужасни економски последици по жените. Просторот за дејствување на граѓанските организации (и особено за организациите за женски права) исто така се стесни уште повеќе поради карантините и ограничувањата. Многу организации се плашат дека ограничувањата може да останат трајно, што би влијаело врз способноста на жените да се организираат и да се застапуваат за економска родова еднаквост.

Во овој контекст, макроекономските напори се поважни од кога било претходно. Меѓународните финансиски институции вложуваат огромни суми пари за опоравување по ковид: нивните анализи и реформски пакети треба да имаат силна родова перспектива. Итно е потребна национална и меѓународна феминистичка економија, економија што ги зема предвид негата и репродукцијата како работа.[2]

## ЗА ПУБЛИКАЦИЈАТА

Петте приказни во оваа публикација се засноваат врз интервјуа со лидерки од: Африка, Среден Исток и Северна Африка (МЕНА), Јужен Кавказ и Западен Балкан. Овие жени имаат различни позиции во општеството: може да се полјоделки, образовани професионалки или работнички кои работат во несигурни услови како продавачки и трговки. Некои од нив имаат доживеано родово засновано насилство. Некои живеат во градови, други во рурални средини. Сите се засегнати од патријархалните структури и се соочуваат со дискриминација на повеќе фронтови.

Читајќи ги приказните на овие жени ќе се запознаете со нееднаквостите и односите на моќ на пазарот на трудот. Ќе видите како контролата врз приходот е поврзана со законодавството и државните пропис, како социјалните норми го ограничуваат дејствувањето на жените, а институционалните структури им ја потиснуваат економската моќ.

Но, ќе прочитате и за инспиративни начини на подобрување на егзистенцијата и приходот на жените. Приказните во оваа публикација покажуваат како може да настанат промени и на ниво на заедница и на ниво на поединец. Со нив се нагласува колку е важно да се создаде безбеден простор каде што жените ќе може да споделуваат искуства, да разговараат за стратегии и да го зголемат своето дејствување. Истовремено тие покажуваат колку е значајно застапувањето во трасирањето на патот кон трајни структурни промени.

Иако публикацијата не се сосредоточува на пандемијата на вирусот корона сама по себе, во различните поглавја јасно се покажува влијанието на ковид-19 врз животот на жените, платената и неплатената работа, здравјето и физичката безбедност.

## ПЕТ НАСОКИ КОН ОМОЌУВАЊЕ

**1)** Првата студија на случај е од **Руанда,** каде што мнозинството жени заработуваат во неформалниот сектор – сектор кој се карактеризира со недостиг на економски права, оскудна социјална заштита и речиси непостоечки можности за работниците да се организираат и да си ги бараат правата. Во овој контекст, полјоделките од Руанда, со поддршка од локалните организации за женски права, презедоа чекори да влијаат врз процесите на буџетирање на најниско ниво. Заедно се грижат при распределбата на буџетот да се земат предвид и да се вградат потребите и интересите на жените.

**2)** Иако многу жени во **Јордан** се добро образовани, малку жени се дел од формалниот пазар на трудот. Една од главните причини за ова е фактот што од жените се очекува да се негувателки, а притоа имаат тежок пристап до грижа за децата кога се вработени. Според јорданскиот закон, од компаниите се бара да обезбедат грижа за децата на своите вработени, но компаниите тоа ретко го прават, а државата ретко го следи спроведувањето на оваа законска одредба. Затоа една организација за женски права користеше застапување и комуникација како методи за подигнување на свеста. Како резултат на тоа, Владата на Јордан започна да ја спроведува оваа законска одредба со што се зголеми бројот на центри за згрижување деца.

**3)** Како и во многу други земји, жените во **Западен Балкан** се често пати на дното од хиерархијата на формалниот пазар на трудот. Тие се принудени да работат несигурна и ниско платена работа, во ужасни услови во кои се кршат работничките права и каде што се жртва на (сексуално) вознемирување на работното место. Со пандемијата само се влоши ваквата дискриминација. Третата студија на случај ги истакнува економските нееднаквости со кои се соочуваат продавачките, трговките и текстилните работнички – и покажува како една меѓурегионална коалиција користи застапување засновано на истражувања за да ја промени состојбата.

**4)** Приказна од **Сирија** нè запознава со новинарките од земјата: работнички во првите редови кои известуваат дури и во екот на воените дејства околу нив. Поради социјалните норми и доминацијата на мажите во медиумскиот сектор, овие новинарки се потценети и не се сфаќаат сериозно како професионалки, помалку се платени и се вознемирувани на работното место. Една локална мрежа за женски права ги поддржува новинарките со тоа што им помага да бараат повисока плата, да се спротивстават на родовите стереотипи во новинарството и да покажат поинаков пример за целиот сектор.

**5)** Петтиот и последен случај нè носи во **Јужен Кавказ**, каде што насилството во различни форми – од структурно насилство до насилство во домот – е дел од секојдневниот живот на многу жени. Поради конфликтите во регионот, многу жени се раселени при што имаат малку ресурси и се во несигурна состојба. Активистките и организациите за женски права во Азербејџан, Грузија и Ерменија создаваат можности за најранливите жени да го преживеат насилството со кое се соочуваат со тоа што поттикнуваат социјално претприемништво и го поддржуваат основањето мали бизниси.

Дел од работата што ја спроведуваат организациите за женски права е да направат исчекор од фокусирање само на бизниси и генерирање приходи кон, на пример, осврнување на потребата за центри за згрижување деца и започнување дијалог со локалните власти.

## НАУЧЕНИ ЛЕКЦИИ

Организациите за женски права коишто ги интервјуиравме за потребите на оваа публикација имаат многу да нè научат. Подолу даваме кратко резиме на три главни заклучоци кои ни оставија впечаток.

Една од главните лекции е **суштинската улога на организациите за женски права во застапувањето за економско омоќување на жените и унапредување на економската родова еднаквост**. Овие организации ни покажуваат дека постојат алтернативи на доминантните модели на развој. Тие изработија феминистички политики за регрутирање, на пример, со кои се поттикнуваат еднакви работни места со социјална заштита; обезбедуваат безбеден простор каде што жените може да ги споделуваат своите искуства и да учат за своите права; спроведуваат истражувања и даваат статистички податоци за економската родова нееднаквост; и имаат развиени партиципативни методи на вклучување на разнолики интереси на жените во процесите на буџетирање. За да се постигне економска родова еднаквост ни треба вистинска, систематска промена – а организациите за женски права се водечка сила во таквата промена.

Во исто време, приказните во оваа публикација покажуваат **дека економското омоќување на жените ретко се постигнува во изолација**, тоа е тесно поврзано со другите процеси на промена: спречување на родово заснованото насилство, зголемување на моќта на одлучување на жените во домаќинството, јакнење на нивните права на наследство, поседување земјиште и имотни права, поттикнување на нивно учество во политиката и влијание врз мировните преговори итн. Сето ова и ја зајакнува позицијата на жените и ги омоќува да ги бараат своите економски права и да ги подобрат животот, можностите за работа и приходите. Едното оди рака под рака со другото. Истово важи и за вмрежувањето: градењето коалиции со други актери, како што се синдикатите, во голема мера ја унапредува економската родова еднаквост.

Конечно, оваа публикација нè потсетува на **важноста на застапувањето.** Во сите четири региони студиите на случај потенцираат колку е неопходно застапувањето заради привлекување внимание на економската родова нееднаквост, подобрување на законите за работнички права, јакнење на услугите и родово посензитивно буџетирање. Особено за време на пандемијата, активистите за женски права, организациите и истражувачите мораа будно да ја следат ситуацијата со цел да ги истакнат последиците од ковид-19 од родов аспект и да повикаат интересите и правата на жените да бидат опфатени во одговорот на светските лидери и на меѓународните финансиски институции.

[2] Naila Kabeer, Shahra Razavi and Yana van der Meulen Rodgers: “Feminist Economic Perspectives on the COVID-19 Pandemic.” Feminist Economist, Routledge, 2021..



Фотографија: Бертине Мугобе

# „Сега разбирам колку е значајно буџетирањето“

## ПОЛЈОДЕЛКИТЕ И РОДОВО ОДГОВОРНОТО БУЏЕТИРАЊЕ ВО **РУАНДА**





Фотографија: Алине Ниеншути

Духозание ги обучува жените за родово буџетирање.

**Отворањето можности за жените да учествуваат во процесите на носење одлуки и на буџетирање е делотворен пат кон економска родова еднаквост. Организацијата за женски права „Духозание“ од Руанда ги поддржува полјоделките со ниски приходи во руралните области со тоа што им покажува како се изработуваат локални буџети. Како резултат на тоа, полјоделките почнаа да се организираат во селата во групи за штедење и позајмување – заеднички начин да го подигнат гласот и да си ја зголемат моќта. Од „Духозание“, исто така, ја подигнуваат свеста за правата на полјоделките и ги повикуваат администраторите на буџетот да ги почитуваат потребите на жените.**

Пристапот на жените до ресурси и контролата врз ресурсите, особено врз земјиштето, се клучни за економска родова еднаквост. Но, на светско ниво жените поседуваат помалку од 15 % од сето земјиште.[3] На прв поглед Руанда се чини дека е исклучок во прогресивна смисла: според законот, жените имаат еднаков пристап до земјиште. Така 26 % од земјиштето во земјата го поседуваат жени, а 14 % мажи. Преостанатите 60 % е во рацете на брачните двојки.[4] И покрај ваквите еднакви права на земјиште, сè уште има предизвици за полјоделките од Руанда. Малку се слуша нивниот глас во семејството во однос на тоа како да се искористи земјиштето, а нивните потреби ретко добиваат приоритет. Тоа укажува на фактот дека економското омоќување на жените не значи само пристап до ресурси: значи и контрола врз тие ресурси.

### Во буџетите се занемаруваат проблемите на жените

Во Руанда локалните буџети се изработуваат во две различни фази. Во фазата на планирање, селаните се собираат за да разговараат за своите буџетски потреби. Тоа е време кога полјоделките и другите групи (како младите или полјоделците со попреченост) треба да учествуваат и да ги изнесат своите приоритети. Во втората фаза, барањата на селаните се разгледуваат на ниво на округ. Администраторите од округот избираат кои приоритети ќе ги вклучат во буџетот и како ќе се распределат парите.

Иако процесот е инклузивен на хартија, стварноста е поинаква. Жените се мачат да учествуваат во носењето одлуки и нивните проблеми честопати се занемаруваат. Во конечните буџети обично се издвојуваат мала количина семе и пестициди за жените или потрошен материјал со слаб квалитет. Проектите од јавен интерес, што би можеле да бидат алтернативен начин на заработка за жените кои не поседуваат земјиште, обично ги спроведуваат само мажи.

> Отсекогаш сум се чувствувала исклучена поради сиромаштијата. Со обуките од ’Духозание‘ научив за штедењето и за важноста на буџетирањето за да можат да ја планирам иднината на семејството.“
>
> ЖАКЛИН МУКАМУСОНИ

[3] https://stand4herland.org/resource/wlr-infographic/
[4] Пекинг+25, Извештај за Руанда.

## Учиме како да го планираме и да го следиме буџетот

> Не знаевме што е буџет. Сега знаеме што е, како оди процесот на планирање и каква е нашата улога за да се осигураме дека нашиот придонес ќе се земе предвид. Најважно, научивме дека буџетот треба да ги задоволи потребите и на мажите и на жените.“
>
> ЖАКЛИН МУКАМУСОНИ

Од локалната организација за женски права „Духозание“ од Руанда сфатија дека недостигот на родово сензитивно буџетирање и слабото учество на жените во процесите на носење економски одлуки е проблем. За да ги поддржат полјоделките, организацијата започна да нуди обуки. Жените се запознаа со партиципативното буџетско планирање и следење преку „картички од заедницата“ (картички на кои може да ги запишат своите приоритети за време на селските состаноци и да ги наведат своите потреби за застапување). Од „Духозание“ ги поттикнаа учесниците да бидат проактивни и да бараат информации за економски можности.

Обуките на „Духозание“ им помогнаа на жените да сфатат зошто е толку важно да учествуваат во процесите на буџетирање. Со помош на картичките од заедницата сега можат да утврдат дали нивните потреби се или не се опфатени со буџетот. Жените беа омоќени да придонесат во дискусиите, да следат дали нивните потреби се опфатени со буџетот и да бараат одговорност од локалните лидери кога буџетите не се спроведуваат соодветно. Како резултат на тоа, жените сега добиваат семе и вештачко ѓубриво со повисок квалитет и ветувања дека идните буџети ќе бидат поинклузивни. Со учеството во селските состаноци за планирање, жените дознаа за економските можности и активности во заедницата кои ги нуди Владата, што им овозможи да конкурираат за нив.

Од „Духозание“, исто така, ги поддржаа локалните жени со тоа што им укажаа на различните начини преку кои можат да ја зголемат сопственоста на земјиштето, на пример, преку законски брак. Во Руанда брачните двојки уживаат заедничка сопственост на земјиштето: без доказ за склучен брак, жените во романтична врска немаат законско право на земјиштето што го обработуваат.

## Групи за штедење и позајмување како безбедни простори

Со поддршка од „Духозание“ многу полјоделки – кои дотогаш работеле сами – се здружија и формираа таканаречени „групи за штедење и позајмување“. Овие групи го олеснуваат добивањето заеми и заедничкото основање мали бизниси. Од „Духозание“ организираа практични обуки за управување со задруги, деловно планирање, претприемништво, сметководство и маркетинг. Исто така ги упатија жените кон финансиските институции што поддржуваат мали женски иницијативи за генерирање приходи.

Групите за штедење и позајмување станаа безбеден простор: место каде што жените разменуваат идеи, искуства и разговараат за проблемите како што е родово заснованото насилство. Благодарение на „Духозание“, довербата кај полјоделките се зголеми. Тие беа поттикнати да се заземат за самите себе и да бараат одговорност од носителите на функции. И дома и во пошироката заедница, жените сè повеќе учествуваа во носењето одлуки.

Заедно полјоделките од Руанда ја открија моќта на учеството и го кренаа својот глас за да бараат економска родова еднаквост.

> Мажот ми отиде да живее со друга жена, ме остави со две деца и без приход. Немав со кого да зборувам. Денес сум дел од група каде што споделувам идеи и искуства со други жени и станав независна.“
>
> ЖАНЕТ НИРАНКУНДИМАНА





Фотографија: Алине Нивенишути

**„Во иднина сакам да бидам силна жена која учествува во развојот на земјата и во носењето одлуки во домот.“**

**СПЕЦИОЗЕ МУКАРУРАНГВА** живее во Нјанза, во централниот дел од Руанда. Пред да се вклучи во проектот на „Духозание“, таа беше производител за сопствени потреби и одгледуваше култури за своето семејство. Беше презафатена борејќи се да врзе крај со крај и не можеше да учествува на локалните состаноци на кои се носеа одлуки. Ја одвраќаше и тоа што немаше самодоверба. Како и многу други жени, Специозе пропушташе можности поради тоа што не можеше да присуствува на состаноците во заедницата.

По обуките за буџетирање на „Духозание“, Специозе сфати дека во процесите на планирање треба да се вклучат и жените и мажите. Преку картичките научи како да следи дали лидерите ги остваруваат ветувањата.

> Обуките од ‘Духозание‘ ме освестија дека жените не ги користеа придобивките од достапните можности. Сега кога сфаќам колку е важно учеството, знам како да се застапувам за проблемите со коишто се соочуваме како жени.“

Денес Специозе води група од 15 полјоделки. Групата планира да се состанува за да ги утврди заедничките предизвици и да поднесе список до надлежните.



ФОТОГРАФИЈА: КРИСТОФЕР ХЕРВИГ

# „Застапување, застапување, застапување“

## ПРИСТАП ДО ГРИЖА ЗА ДЕЦА ЗАРАДИ ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЕКОНОМСКОТО УЧЕСТВО НА ЖЕНИТЕ ВО **ЈОРДАН**



**Во Јордан учеството на жените на пазарот на трудот е ограничено поради структурни и културни бариери, ограничен јавен транспорт, нееднакви плати, дискриминаторски политики – и недостиг на нега за деца. Организацијата за женски права „Садака“ работи на последното прашање со тоа што ги застапува правата на родителите кои работат, ја подигнува свеста, лобира за правна заштита, ја прави негата за деца достапна за сите и нуди обуки и можности за унапредување на вештините заради подобрување на квалитетот на услугите за згрижување деца.**

### Прекумерен родов јаз кај работната сила во Јордан

Жените од Јордан се многу побројни и постигнуваат многу подобри резултати на универзитетите отколку мажите. Сепак, и покрај нивните достигнувања во образованието, е многу поверојатно жените отколку мажите да се невработени или да го напуштат пазарот на трудот. Како резултат на тоа, Јордан е една од земјите со најниско учество на жените во работната сила, најниска продуктивност и најголема економска родова нееднаквост во светот.[5] Всушност, Меѓународната организација на трудот проценува дека родовиот јаз во работната сила доведе до загуба на БДП од 8 милијарди американски долари во Јордан во 2018 година.[6]

Има многу бариери што ги спречуваат јорданските жени да влезат на пазарот на трудот, но грижата за децата е клучната. Јорданскиот сектор за згрижување деца се запоставува со години. Причините се слаба јавна политика, недостиг на владина поддршка и кршење на правата на работниците, кои се соочуваат со лоши работни услови и немаат ниту социјална ниту синдикална заштита. Секторот за згрижување деца се смета дека нема голема важност: поголемиот дел од лицата кои работат во него се жени и работата за грижата (без разлика дали е платена или неплатена) сѐ уште се смета за инфериорен вид работа – и во Јордан и на многу други места.

### Вработените мајки се здружуваат

Во тој контекст се формира организацијата за женски права „Садака“. Една група на вработени мајки се здружија со цел да го зголемат учеството на жените на пазарот на трудот. Основачките на „Садака“ го препознаа член 72: одредба од Законот за работни односи во Јордан со која се

Обуки од Садака



Фотографија: Садака

[5] Трговска економија: стапка за учество во работната сила – Азија. <https://tradingeconomics.com/country-list/labor-force-participation-rate?continent=asia>
[6] International Labour Organization: “Promoting Women’s Economic Empowerment in Jordan” fact sheet, 2019.

бара од работодавачите да обезбедат бесплатна грижа за деца ако во компанијата се вработени повеќе од 20 жени. Но, член 72 речиси и да не се спроведуваше. Малку од вработените мајки беа свесни дека постои таква одредба. Министерството за труд не им даде на компаниите никакви насоки за спроведување, а самите работодавачи имаа многу мала стимулација за да се придржуваат до одредбата, освен парична казна од 500 јордански долари (околу 600 евра).

Од „Садака“ одлучија каква стратегија за промена ќе преземат: застапување, застапување, застапување! Заедно со другите актери на полето на женски права, во 2011 година организацијата започна кампања за спроведување на член 72 и за препознавање на грижата за деца како јавно добро. Осум години подоцна, во мај 2019 година, напорите на „Садака“ дадоа резултат. Член 72 беше успешно изменет за да не се однесува само на мајките: со тоа што ги опфати и татковците стана поинклузивен. Владата, исто така, изготви и насоки во кои се објаснуваат различни модели на згрижување деца (од згрижување деца на работното место до згрижување деца во заедницата) за да се спречи негативното влијание од член 72 врз вработувањето на жените. Една година подоцна, од „Садака“ успеаја дополнително да ја зајакнат социјалната заштита за семејствата: вработените мајки сега имаат право на субвенционирана грижа за деца во времетраење од шест месеци, а центрите што згрижуваат деца за потребите на вработените мајки добиваат финансиска поддршка.

## Центрите за згрижување деца погодени од ковид-19

Со појавата на пандемијата на ковид-19, економските ефекти од карантините и ограничувањата принудија многу центри за згрижување деца во Јордан да ги затворат вратите – во некои случаи засекогаш. Тоа не беше катастрофално само за самиот сектор за згрижување деца, туку и го намали учеството на жените во економијата. Кога жените се вратија на работа по прекинот на мерките имаа уште помалку опции за згрижување на децата. Од „Садака“ си презедоа обврска да одговорат на потребите на вработените мајки. Организацијата финансиски поддржа 11 центри за згрижување деца за да им помогне да опстанат. Исто така ја повикаа јорданската влада да создаде интервентен фонд за поддршка на секторот за време на пандемијата и по неа.

Ваквите краткорочни итни напори го отворија патот за сегашната кампања на „Садака“ со која се повикува на долгорочни структурни промени со кои ќе се задоволат потребите на центрите за згрижување деца и на негувателите. Постојаното застапување, директната финансиска поддршка и притисокот за проширување на субвенциите за грижа на деца што ги вршат од „Садака“ ќе ѝ помогне на Амани и на многу други жени во секторот да ги одржат проектите – да го намалат родовиот јаз за семејствата кои работат во целата земја.

## „Ако не беа од ’Садака‘, ќе морав да го затворам Центарот за згрижување деца.“

Самохраната мајка Амани живее во источниот дел на Аман со своите три деца. Разбирајќи ги предизвиците со кои се соочуваат вработените мајки, таа одлучи да основа центар за згрижување деца во своето соседство. Ја вложува целата своја повеќегодишна заштеда и зема заеми. По една година напорна работа и планирање, центарот успева да ги отвори вратите. Амани ангажира четири негувателки и еден помошник: заедно пречекаа 30 деца во тросодбниот објект со отворен простор за играње.

Но, тогаш се појави ковид-19 и Јордан се затвори. Родителите престанаа да го плаќаат месечниот надоместок бидејќи повеќе не одеа на работа. Центарот доживеа силен финансиски удар. Амани беше принудена да ја потроши останатата заштеда за да ги покрие закупнината и трошоците за камата. И персоналот жртвуваше дел од платата за да може објектот да продолжи со работа. Амани, како и многу други, се надеваше дека јорданската влада ќе се вклучи. Но, таа остана сама да се соочи со бурата.

На крај, од „Садака“ понудија помош: од организацијата знаеја дека секторот се мачеше и дека беше на работ долго пред пандемијата. Центарот на Амани беше еден од 11-те центри кои „Садака“ успеаја да ги спасат.





Активистите на „Гласен Текстилец“ Ристовска и Дишоски, делат брошури помеѓу текстилните работници.

**Фотографија:** *Маја Јаневска Илиева*

# Родово базирана дискриминација на работниците

ЗАСТАПУВАЊЕ ВО **ЗАПАДЕН БАЛКАН** ЗА ВРЕМЕ НА ПАНДЕМИЈАТА

**Економската родова нееднаквост постои насекаде низ Западен Балкан. Структурните бариери ги спречуваат жените да најдат сигурно долгорочно вработување, родово базираната дискриминација е распространета, а работничките права на жените редовно се кршат. Локалните организации за женски права ја предводат борбата против тоа. На светско ниво, пандемијата ја влоши состојбата ставајќи ги жените во уште понесигурна позиција отколку што беа претходно. Во 2018 г. се формира коалиција од шест организации од Западен Балкан во рамките на проектот „Унапредување на работничките права на жените“.[7] Од локално до европско ниво, коалицијата користи застапување и истражување засновано на докази за економско омоќување на жените.**

> На интервју за работа ми кажаа дека работата којашто ја работи компанијата не можат да ја вршат жени бидејќи жените се помалку интелигентни од мажите.“
>
> ЖЕНА, СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА[8]

Во последниве месеци коалицијата се фокусира на родовите аспекти на пандемијата со вирусот корона. Како и секаде, ковид-19 ги стави жените од Западен Балкан во понесигурна позиција и ги истакна нееднаквостите што постоеја и претходно. Таканаречените „работници во првите редови“, на пример, продавачите и работниците со храна – од кои повеќето се жени, беа принудени да продолжат да одат на работа и за време на пандемијата со што беа во поголем ризик да дојдат во контакт со вирусот. Коалицијата лобираше кај клучните чинители во регионот да го стават економското омоќување на жените на агендата за време на пандемијата. Нивните иницијативи за застапување беа вкоренети во истражувања базирани на докази и на повеќегодишното искуство на членките на коалицијата.

## Застапување на национално и европско ниво

Advocacy is an important part of the Coalition’s work. Застапувањето е важен дел од работата на коалицијата. Партнерските организации од регионот што ја сочинуваат коалицијата застапуваат кај соодветните чинители и носителите на одлуки и ја подигнуваат јавната свест преку кампањи.

> На работното место како правен застапник во банка ме плаќаа 150 евра помалку од колегите мажи за истото работно место во последните три години.“
>
> ЖЕНА, КОСОВО[9]

Во Црна Гора, на пример, Центарот за женски права поднесе писмена жалба до сопствениците на продавници со барање на касиерите – од кои повеќето се жени – да им се обезбеди заштитна опрема за да се заштитат од вирусот.

Од другата страна на границата, Косовската женска мрежа (која ја предводи коалицијата) организираше дискусија со владини претставници врз основа на сопствена анализа за влијанието на ковид-19 врз учеството на жените во трудот. Од таму претставија низа препораки за политиките[10] за родово чувствителни напори за олеснување на влијанието од ковид-19[11]. Косовската женска мрежа предложи Владата да го институционализира родово одговорното буџетирање и да ги консултира организациите за женски права при подготовката на мерки за вирусот корона. Препораките за општинските власти опфатија јавни консултации за буџетот и консултации со граѓанските организации за тоа како да се стигне до различните/маргинализираните групи жени.

> Јас сум градежен инженер. Кога работев во приватниот сектор, никогаш не ми дадоа да водам објект бидејќи – според шефовите – жените не можат да водат проекти.“
>
> ЖЕНА, КОСОВО[12]

[7] Коалицијата обединува шест организации од: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Црна Гора и Северна Македонија. „Квинна тилл Квинна“ спроведува дополнителни активности во Србија. Проектот „Унапредување на работничките права на жените“ е дел од регионална програма финансирана од ЕУ и од Шведската агенција за меѓународен развој и соработка.
[8] Лешоска, В. и др.: Родово базираната дискриминација и трудот во Северна Македонија, Реактор – истражување во акција, 2019.
[9] Лешоска, В. и др.: Родово базираната дискриминација и трудот во Северна Македонија, Реактор – истражување во акција, 2019.
[10] <https://womensnetwork.org/publications/the-pandemic-knows-no-gender-2/>
[11] Ова е направено во партнерство со граѓанските организации од регионот и мрежата за родово одговорно буџетирање.
[12] Бањска, И.: Родово базираната дискриминација и трудот во Косово, Косовска женска мрежа, 2019. <https://womensnetwork.org/wp-content/uploads/2019/05/GBD-Labour-Kosovo_ISBN-978-9951-737-31-9_FINAL.pdf>



Во Албанија Центарот „Родова алијанса за развој“ организираше серија активности за застапување што се однесуваат на работничките права на жените. Фокусот беше на текстилните работници со оглед дека албанската текстилна индустрија главно вработува жени. Активностите опфатија регионален „отворен форум“ за статусот на вработување на жените, извештај[13] (дистрибуиран во земјата) со приказни од жените, анкета за последиците од пандемијата[14] и национална конференција[15] за предизвиците со кои се соочуваат жените на пазарот на трудот, особено за време на пандемијата.

И на европско ниво членките на коалицијата се осврнаа на економското омоќување на жените во контекст на пандемијата. Поголемиот дел од придонесот на шесте партнерски организации кон извештаите на Европската комисија за напредокот на своите земји[16] за 2020 г. беше со фокус на ковид-19.

## Од истражување до извештај во Србија

Партнерските организации во коалицијата постојано собираат податоци и спроведуваат истражувања за да ја документираат економската родова нееднаквост во Западен Балкан. Иницијативата А 11 за социјални и економски права спроведе интервјуа со жени од Србија кои беа во првите редови во пандемијата, како оние во прехранбената индустрија и трговијата. Овие жени честопати се соочуваат со несигурни услови. Со појавата на ковид-19, се чинеше дека Владата речиси заборавила на нивната судбина. Извештајот на А 11 „Положбата на трговките за време на пандемијата на ковид-19“[17] покажа дека овие работнички од првите редови работат подолго за време на пандемијата и речиси да немаат пристап до јавен транспорт за време на карантините, а работодавачите не ги спроведуваат мерките за социјално дистанцирање, ниту мерките за здравје и безбедност.[18] И покрај ваквите повреди, многу од интервјуираните жени признаа дека се подготвени да се справат речиси со сè поради страв дека ќе ја изгубат работата.

## Препораки засновани на докази

Истражувањата на српската организација А 11 беа основа во напорите за застапување со цел да се убедат српските носители на одлуки да спроведат родово почувствителен одговор на ковид-19. Меѓу другото, организацијата препорача:

> Не ни знам колкава ми е основицата, ниту колку заработувам по час. Особено затоа што работам повеќе часови отколку што стои во договорот. Некои месеци може ќе добиете 20 % зголемување, но сепак ќе заработите помалку отколку претходниот месец кога не сте имале покачување.“
>
> ЖЕНА, СРБИЈА19

- да се изменат постојните закони за дискриминација за да им се овозможи на институциите како што се Трудовиот инспекторат или Комесарот за заштита на еднаквоста да поднесуваат претставки во име на дискриминираните страни за да се спречи одмазда од работодавачите;
- да им се даде важна улога во унапредувањето на структурните промени на синдикатите и на граѓанските организации кои ги промовираат правата на работниците. Овие актери се во моментов единствените гласови кои предупредуваат против давање приоритет на економскиот напредок за сметка на работничките права;
- да им се обезбеди пристап до одржливо основно финансирање на граѓанските организации. Со тоа им се овозможува на коалициите и на мрежите да придонесат кон едно поразнолико женско движење засновано на знаења и кон меѓусебна размена на искуства.

Заедно членките на коалицијата (во која, исто така, се вклучени и Хелсиншкото граѓанско собрание од Бања Лука, Босна и Херцеговина, и Реактор – истражување во акција, Северна Македонија) одиграа суштинска улога во следењето на ситуацијата во изминативе месеци. Тие ги држеа на нозе клучните чинители од општинско па сè до европско ниво и ги потсетија на важноста на економското омоќување на жените – дури и во време на светски хаос.

[13] <http://www.gadc.org.al/media/files/upload/Raport_Grate%20e%20varfera%20te%20Fasonerive.pdf>
[14] <https://www.gadc.org.al/media/files/upload/GADC_PPT%20Conference%20OPIC%2019.1.2021_FINAL.pdf>
[15] <https://mailchi.mp/449568cb098e/press-release-women-workers-rights-in-the-textile-and-footwear-factories-covid-19-and-the-2021-perspective>
[16] Извештаите на ЕК за напредокот се објавуваат еднаш годишно како дел од пакетот за проширување на ЕУ за секоја од земјите кандидатки. Со годишните извештаи се врши процена на состојбата во овие земји, се оценува дали земјите ги спровеле неопходните реформи и се следи дали ги исполнуваат критериумите за пристапување.
[17] Митровиќ, М. и др.: Положбата на трговките за време на пандемијата на ковид-19, Иницијатива А 11 за социјални и економски права, 2021. <https://www.a11initiative.org/wp-content/uploads/2021/06/The-Position-of-Tradeswomen-During-The-Pandemic-of-Covid-19_Spreads_FINAL.pdf>
[18] Ibid.
[19] Ibid.




Обука за новинари во Турција.

Фотографија: авторски права на Сириската мрежа на новинарки (СМН)

# Известување од првите редови

## ВКЛУЧУВАЊЕ НА РОДОВАТА ПЕРСПЕКТИВА ВО НОВИНАРСТВОТО И ВО МЕДИУМИТЕ ВО **СИРИЈА** И ПОШИРОКО



**Медиумите може да имаат трансформативна улога во општеството – вклучително и за родовата еднаквост. Токму затоа Сириската мрежа на новинарки (СМН) ги оспорува родовите стереотипи во новинарството и во медиумите. Како феминистички работодавач, тие нудат не само обуки и поддршка туку и алтернативен бизнис-модел за целиот сектор. Целта на СМН е да создаде охрабрувачка средина, да им отвори на новинарките економски можности и да застапува за нивните права.**

### Родовиот јаз во светските медиуми

Мас-медиумите и социјалните медиуми имаат огромно влијание врз нашите гледишта за родовите прашања. Според Проектот за следење на светските медиуми (Global Media Monitoring Project), напредокот во затворањето на родовиот јаз во медиумските содржини и понатаму е екстремно бавен во светот. Светските медиуми сè уште прикажуваат слики и пораки што ја одржуваат родовата нееднаквост и жените се недоволно застапени во вестите. Ова ги попречува напорите за ставање крај на економската, политичката, социјалната и културната дискриминација на жените.

> „Новинарите кои работат во области зафатени од конфликт може да страдаат од траума и да го напуштат секторот затоа што не е безбеден. Сета работа што се прави за нивно професионално и економско омоќување може да пропадне за миг. Затоа е многу важно да се гарантира безбедноста на новинарките и да им се понуди психосоцијална поддршка за да можат да останат во секторот и да напредуваат во кариерата.“
>
> РУЛА АСАД, ИЗВРШНА ДИРЕКТОРКА НА СМН

Во некои земји безбедноста на новинарите е дополнителна препрека за постигнување родова еднаквост во медиумскиот сектор. Многу новинарки и медиумски работнички се соочуваат со вознемирување и на работното место и во општеството. Насилството на интернет е, исто така, во пораст. Во Сирија, што сè уште е активна воена зона, дури и физичката безбедност на новинарите е честопати во ризик.

### Го менуваме општеството со менување на медиумите

Во 2013 г., сириската новинарка Рула Асад ја основа Сириската мрежа на новинарки (СМН) за да придонесе кон промена во земјата. Идејата беше да се отвори алтернативна медиумска куќа што ќе води преку пример и ќе ја оспорува машката доминација во секторот.

Согледувајќи ја важноста на меѓусекторската поврзаност и инклузивноста, организацијата одлучи од самиот почеток да не ангажира само академски образовани новинарки. СМН, исто така, се отвори и кон т.н. „граѓански новинари“: приватни граѓани активисти кои известуваа за вестите и произведуваа содржини без да се професионални новинари. Кога избувна војната во Сирија во 2011 година, овие граѓански новинари имаа важна улога во известувањето.

На почетокот СМН главно се фокусираше на социјална промена. Како што минуваа годините, во организацијата сфатија колку многу нивните активности придонесуваат и кон економско омоќување на жените.

### Праведна плата и градење капацитети

Како работодавач, СМН создаде охрабрувачка средина што им овозможува на медиумските работнички да напредуваат. Рула, која сега е извршна директорка на организацијата, се гордее со новиот бизнис-модел што го разви СМН: модел што се заснова на заштита и праведност. Организацијата практикува феминистичко вработување, на пример, им дава приоритет на жените во процесот на вработување. Исто така им дава на вработените породилно отсуство, признавајќи колку е тешко мајките да се вратат на пазарот на трудот по раѓањето деца.

Праведна плата е друг приоритет за СМН со оглед дека жените се недоволно платени во сирискиот медиумски сектор. СМН добро ги плаќа вработените – делумно за да осигури дека следниот работодавач ќе ѝ даде иста или повисока плата ако некоја вработена некогаш ја напушти СМН. Организацијата лобира и за повисоки плати за жените во секторот воопшто и работи на тоа да ја искорени практиката каде што работодавачите бараат од жените да работат бесплатно.

Рула и колешките од СМН веруваат дека праведниот надоместок на плата е особено важен во Сирија бидејќи многу новинарки и медиумски активистки во земјата произведуваат содржини на првите борбени редови во воените зони. Тие ризикуваат да добиваат закани или дури и да го изгубат животот поради тоа што пишуваат. Во случајот со граѓанските новинарки, тоа што им се плаќа за тоа што го работат им помага на жените да станат економски независни.

СМН нуди и низа можности за градење капацитети. Ги споделува можностите за вработување новинарки, им нуди обуки и го олеснува вмрежувањето со медиумските куќи и редакциите во други организации.

Една креаторка на содржини, на пример, добиваше обука и менторство од СМН со години. Денес таа продуцира свои емисии и е раководителка на својот оддел. Друга жена, фоторепортерка и активистка од „Идлиб“, добиваше обука од СМН за самата да стане обучувач. Денес работи за самата организација и обучува активистки кои се заинтересирани да известуваат од тешко достапни области. Многу од жените кои ги обучила работат како новинарки во „Идлиб“.Ваквите успеси можеби доаѓаат бавно, но се токму такви одржливи отскочни штици какви што се потребни за да се направат трајни промени:

> Меѓународната заедница треба да го преиспита краткорочното и проектно финансирање: за да им се овозможи на организациите да извршат долгорочно влијание врз нестабилните контексти, од суштинска важност е да им понуди одржлива организациска поддршка.“
>
> РУЛА АСАД, ИЗВРШНА ДИРЕКТОРКА НА СМН

*Фотографија: Мохан Дехне*



Рула Асад

> Ова е чувствителна работа бидејќи истакнува недостатоци во медиумските институтции. Работиме напорно на градење доверба со овие институции и избегнуваме да ги посрамотуваме.“
>
> РУЛА АСАД, ИЗВРШНА ДИРЕКТОРКА НА СМН

## Го трансформираме целиот медиумски простор

Со поддршка од фондацијата „Квинна тилл Квинна“, СМН го спроведува проектот „Родов радар“. Тој се фокусира на тоа да го направи сирискиот медиумски сектор во целина родово посензитивен и во поглед на производството на содржини и во поглед на внатрешното работење на медиумските куќи. На таков начин се омоќуваат жените како поединци, а застапувањето на жените во целина се подобрува.

Преку „Родов радар“ СМН врши процена колку политиките за човечки ресурси на медиумските куќи ја унапредуваат различноста. Проверува дали жените имаат краткорочни или годишни договори, дали добиваат породилно отсуство, какви им се платите во споредба со тие на машките колеги и дали жените се на позиции каде што се носат одлуки. Во поглед на медиумската содржина, СМН го следи производството, ја оценува уредувачката политика, анализира дали има некакви шеми што придонесуваат за угнетување и работи да ги промени овие нешта.

Во текот на годините, СМН се претвори од неформална мрежа за поддршка на новинарките во организација што нуди нов модел за целиот медиумски сектор во Сирија. Благодарение на СМН, новинарите од земјата учат да продуцираат содржини не само од новинарска гледна точка туку и од феминистичка перспектива. За да го направи медиумскиот сектор поинклузивен, на Сирија не ѝ се потребни експерти по родови прашања, тврдат од СМН: ѝ се потребни новинари кои самите се родово свесни.



*Фотографија: Сињтак Манушак*



# Бизнисменките им пркосат на очекувањата

## ОДРЖЛИВО СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО **ЈУЖЕН КАВКАЗ**

**Пандемијата и последиците од втората војна во Нагорно-Карабах ја засилија родовата нееднаквост во Јужен Кавказ. На многу жени тоа им зададе тежок економски удар со тоа што ги изгубија работните места и се борат да ги одржат бизнисите. Во ова поглавје дадени се три приказни од активистки и организации за женски права во Азербејџан, Грузија и Ерменија. За време на пандемијата овие актери работеа на тоа да му стават крај на насилството врз жените и да го поддржат градењето мир во регионот преку економското омоќување на жените.**

## АЗЕРБЕЈЏАН – ДИГИТАЛЕН МАРКЕТИНГ СРЕДЕ ПАНДЕМИЈА

Поради комбинацијата на вирусот корона и насилство во Нагорно-Карабах, 2020 година беше екстремно тешка за многу жени во Азербејџан. Сепак, со поддршка од мрежите на жени и групите за самоподдршка, како Клубот за дискусии од Сумгајит (КДС), тие најдоа можности за раст и економски напредок.

Речиси две децении активистките, преживеаните од родово засновано насилство и фембранителките меѓусебно се поддржуваат во самоорганизирана група за самоподдршка поттикната од заедницата во Сумгајит, вториот по големина град во Азербејџан, што се наоѓа близу Касписко Море, на околу 31 км од главниот град Баку. По првата војна во Нагорно-Карабах, градот стана дом на многу внатрешно раселени лица од Азербејџан. Независната самоорганизирана мрежа на жени има три главни цели: економско омоќување на жените, борба против родово заснованото насилство и придонес кон мирно разрешување на конфликтите. Овие цели се меѓусебно поврзани при што економското омоќување на жените е солидна основа за остварување на останатите.

> Со економска независност полесно е жените да избегаат од насилната околина и да учествуваат и да придонесат кон мировните преговори.“
>
> СЕВДА МАМАДОВА, ЗАСТАПНИК ЗА ЖЕНСКИ ПРАВА И ЕДНА ОД ОСНОВАЧКИТЕ НА НЕЗАВИСНАТА МРЕЖА НА ЖЕНИ ВО СУМГАЈИТ

Особено за внатрешно раселените жени, економската родова еднаквост може да донесе огромна разлика. Севда Мамадова, активистка за женски права од Сумгајит, вели дека многу жени кои мораа да ги напуштат домовите во последните месеци се загрижени дека нивните потреби ќе се заборават при одржување на мировните преговори. Кога би имале економска моќ поверојатно би било дека би биле вклучени во мировните преговори.

Кога се воведе карантин во Сумгајит, град во близина на Баку на брегот на Касписко Море, жените претрпеа болни економски последици. Многу локални жени кои водеа мали и средни бизниси останаа практично без никаков приход, задолжени кон банките и неспособни да ги платат вработените. Иновативни и со претприемнички дух, жените од Сумгајит одлучија да се префрлат во дигиталниот свет. Отворија сметки на социјалните медиуми за своите бизниси и го префрлија работењето на интернет. Тоа се покажа како особено ефикасно за испораката на храна и на други услуги. Како што се одолжи пандемијата, жените користеа дигитални канали не само за да го одржат бизнисот туку дури и да го прошират.

Севда беше импресионирана од инвентивноста на претприемачите. Отсекогаш се грижела дека Азербејџанките немаат успех во маркетингот: иако жените создаваат висококвалитетни проекти, се мачат да ги продадат и да го одржат бизнисот.

> „За време на пандемијата, станавме подобри во стратешкото размислување. Сега жените се фокусираат на тоа да постигнат значајно и трајно економско омоќување за самите себе.“
>
> СЕВДА МАМАДОВА, ПРЕТСЕДАТЕЛКА НА СДЦ





Фотографија: СДЦ



Симулација - дебати на ученици за предизвикување на родовите норми организирана од СДЦ.

## ГРУЗИЈА – амбициозна листа на задачит

Во 2019 г., Мрежата за борба против насилството во Грузија (МБНГ) ја основа „Анастасија“, социјално претпријатие што нуди угостителски услуги за време на обуки и настани. „Анастасија“ е првото социјално претпријатие во Грузија кое вработува жртви на домашно насилство/преживеани од домашно насилство за да ја поддржи нивната кревка економска независност.

Многу Грузијци не ги сфаќаат сериозно бизнисите што ги водат жени и се потсмеваат со идејата за жените како претприемачки. Но, во МБНГ им пркосат на очекувањата: веќе две години од основањето успешно напредуваат во својата работа. Со постојано стекнување нови вештини и упорност за остварување финансиска независност, организацијата ја намалува економската родова нееднаквост.

За време на пандемијата, МБНГ се ребрендира и ги прецизира своите деловни планови. Листата на задачи на организацијата сега опфаќа развој на специфични вештини (готвење, дигитална и финансиска писменост), стекнување деловно искуство и маркетинг-искуство, јакнење на мрежата, воспоставување односи со клучните чинители и локалните власти и подобрување во изработката на предлог-проекти заради градење поразнолика база на донатори. Последното веќе може да се штиклира: МБНГ неодамна најде три големи корпоративни спонзори. За време на пандемијата, организацијата го зголеми и

> „Нашата цел е социјалното претпријатие да стане одржливо и да придонесе кон значајно економско омоќување. Финансиски независните жени може да избегаат од родово заснованото насилство – и решени сме да го постигнеме тоа!“
>
> НАТО ШАВЛАКДАЗЕ, ПРЕТСЕДАВАЧКА ВО МБНГ

своето присуство на интернет со што си ја подобри видливоста.

МБНГ прави повеќе за својата целна група (жртви на домашно насилство/преживеани од домашно насилство) отколку само да нуди можности за вработување: работи и на тоа да понуди социјална заштита. Во областа Глдани во Тбилиси, организацијата во моментов се обидува да добие средства за основање на центар за згрижување деца. За време на пандемијата, многу од вработените во МБНГ се мачеа да ја комбинираат работата со грижата за семејството. Тоа ја истакна ранливоста на грузиските жени на пазарот на трудот. Кога би имале пристап до грижа за деца, вработените во МБНГ би можеле да работат со полно работно време без да се грижат за добросостојбата на своите деца.

*Фотографија: Маја Бранд*



Жените произведуваат храна за кетеринг услугите на АВГН.



*Фотографија: Спитак Манушак*



Масло произведено од Спитак Манушак

## ЕРМЕНИЈА – производство на еколошки масла

Како и во другите земји од Јужен Кавказ, и Ерменија беше оттргната од патот кон напредок поради ковид-19 и конфликтот во регионот. Во Спитак, мало гратче во северната провинција Лори, многу жени кои работеа во услужната индустрија беа отпуштени од работа. Другите кои се грижеа за семејството додека сопрузите се на работа во Русија одненадеж мораа да жонглираат меѓу работите во домаќинството и финансискиот стрес бидејќи, поради затворањето на границите, семејствата останаа без приход.

Во овој контекст, организацијата за човекови права „Хелсиншка група од Спитак“ ги удвои напорите за да ги поддржи ранливите групи во заедницата. Пред единаесет години, Ашкен Бабајан помогна при основањето на „Спитак Манушак“, подружница на „Хелсиншката група од Спитак“. Малата еколошка компанија вработува локални жени за производство и продажба на природни хербални масла – алтернативен начин да станат финансиски независни. Сопствената заработка не е само начин жените да имаат поголема слобода: исто така им овозможува на оние кои се заробени во насилни врски да го напуштат насилникот. Во Ерменија е екстремно тешко да се основа мал бизнис како жена: на претприемачките ретко им се дава приоритет, така што добивањето државна поддршка или пристапот до финансиски институции е борба. Ашкен се надева дека „Спитак Манушак“ наскоро ќе може да почне со маркетинг на своите производи во странство.

Низ годините „Спитак Манушак“ успеа да воспостави силни врски со локалните власти и да се вклучи во успешни партнерства. Сето тоа им помогна да го направат зелениот бизнис поодржлив. Организацијата работи и на унапредување на регионалната соработка меѓу претприемачките: со споделување најдобри практики преку границите може да се намали економската родова нееднаквост во повеќе земји. Сепак, Ашкен знае дека има уште многу работа.

> „Сакам да донесам експертиза во Ерменија, да посетам фабрика во Букурешт или Каиро и да учам од нив. Сакам да се стекнам со деловни знаења и да го направам производството на масла што е можно позелено. Мојата цел е ’Спитак Манушак‘ да биде одржлив бизнис.“

И во Грузија, и во Азербејџан, и во Ерменија, последниве дванаесет месеци беа тешки за жените. Сепак, жените покажаа навидум неуморен претприемачки дух. Оспорувајќи ги очекувањата, тие ја искористија изминатава година да ги зајакнат бизнисите уште повеќе. Сите нивни дејства се засноваат врз ставот дека економското омоќување, градењето мир и ставањето крај на родово заснованото насилство се меѓусебно тесно поврзани.

# Препораки за клучните чинители

Сите актери треба да обезбедат **значајно вклучување на жените во процесите на донесување одлуки за економски прашања** на сите нивоа. Ако плановите, програмите, заемите и политиките за опоравување не се изготвуваат на родово сензитивен начин, тоа ќе ги зацементира постојните неправди.

Сите актери треба да усвојат **долгорочна перспектива за зголемување на економското омоќување на жените** во земјите со ниски и средни приходи во периодот по пандемијата.

Сите актери кои се вклучени во **изработката и спроведувањето на програми, на заеми и на политики за опоравување** (без разлика дали се тие краткорочни или долгорочни) треба значајно и редовно да воспоставуваат врски со локалните граѓански организации, вклучително и со организациите за женски права, за да се осигури дека жените имаат корист од мерките, а не штета. Сите програми и политики треба да имаат јасна родова перспектива и треба да се разгледуваат од страна на експерти по родови прашања.

Владите треба да спроведат **механизми за родово одговорно буџетирање и следење,** обезбедено од страна на соодветен персонал кој има капацитет за тоа.

Владите треба да донесат и да спроведат закони за работни односи заради промовирање праведни плати и укинување на јазот во платите меѓу мажите и жените, спречување на родово базираната дискриминација на пазарот на трудот и решавање на прашањето за сексуално вознемирување и насилство на работното место.

Владите треба да ги укинат законските одредби со кои им се ускратуваат **еднаквите права на жените за домување, земјиште и имот** и да работат и на локално и на национално ниво за да ги променат нормите и очекувањата со кои им се попречува патот на жените кон пристап до домување, земјиште и имот. Владите треба да ги вклучат економските права на жените и да обезбедат вклучување на родовата перспектива при донесувањето одлуки за економски прашања во **националните акциски планови за жени, мир и безбедност.** НАП-овите може да ги следат законските економски права на жените и да вклучат одредби со кои ќе се бара од меѓународните финансиски институции да внесат и родови анализи во заемите и програмите за реконструкција по конфликти.



Владите и меѓународните организации треба **одблиску да следат дали** секојдневните пречки, репресивните и недемократските политики или милитаризираните одговори на кризите (како и на пандемијата) водат до **социјални немири или насилни конфликти.** Ова е особено важно во постконфликтни и кревки контексти. Локалните граѓански организации (вклучително и организациите на жени) може да бидат клучни партнери да се спречи ова.

Владите и меѓународните финансиски институции треба да се **борат против сите форми на корупција** со кои се попречува еднаквото учество на жените, се лишуваат жените од економска сигурност и се изложуваат на сексуална изнуда.

Меѓународните финансиски институции треба да бараат **родово разделена статистика** од владите во сите сектори.

Светска банка треба трајно да го **вклучи истражувањето на грижа за деца** во анализите и податоците за годишната публикација „Жените, бизнисот и законот“ во којашто се прави процена на законите и на прописите што влијаат врз економските можности за жените во 190 економии.

Меѓународните финансиски институции и други големи донатори треба да го зголемат и да му дадат приоритет на спроведувањето **политики за родова еднаквост, женски права и поддршка на граѓанските организации.**

Донаторите треба да **финансираат програми со кои се зголемува човековата безбедност** (како здравјето, образованието, социјалната заштита и можностите за вработување) наместо да помагаат за зголемување на воениот капацитет.

Донаторите треба значително да ја зголемат **финансиската поддршка за правата на жените.** Организациите за женски права и феминистичките движења се клучни актери за економска родова еднаквост и за економско омоќување на жените, но добиваат само 0,5 % од билатералната помош за развој.[20] На овие организации им е потребно долгорочно финансирање за да можат да воспостават одржливи структури, да стекнат длабоки познавања и да се вклучат во процесите на изработка на јавни политики на значаен начин.

[21] ОЕЦД: Помош како поддршка на родовата еднаквост и оснажувањето на жените, 2021. <https://www.oecd.org/development/gender-development/aid-in-support-of-gender-equality-2021.pdf>

**For all women's rights,**
**in every corner of the world.**

KVINNA
KVINNA

kvinnatillkvinna.se
kvinnatillkvinna.org

Контакт:
info@kvinnatillkvinna.se